ПРЕДИЗВИК

# ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА ОБУКА ЗА ЗЕЛЕНИ РАБОТНИ МЕСТА “GREEN JOBS TRAINING HUB”

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

iesc

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

# ЦЕЛ НА ПРЕДИЗВИКОТ

# ЦЕЛ НА ПРЕДИЗВИКОТ

Да се воспостави Центар за обука за зелени работни места (“Green Jobs Training Hub”), замислен како централен објект посветен на обезбедување сеопфатна обука за развој на вештини за младите во различни сектори, а се поврзани со зелените работни места, како што се Инсталатор на соларни панели, оператор на хидроелектрична постројка, специјалист за биоенергија, техничар за електрични возила (EV) и помеѓу другите и Едукатор за намалување на отпадот.

Предизвикот се спроведува во партнерство со Активноста на УСАИД за млади кои активно создаваат можности, имплементирана од организацијата Унапредување на економиите за посилни заедници (IESC) во партнерство со Младински образовен форум и Центар за претприемачи и развој на менаџери.



# Примарните цели на Центарот за обука за зелени работни места (“Green Jobs Training Hub”)



- Развој на наставна програма
- Развој на вештини
- Практична обука
- Релевантност во индустријата
- Усогласување, вработување и задржување
- Сертифицирање
- Партнерства и соработка
- Вмрежување и менторство
- Свесност за животната средина
- Различност и вклучување

# КАКВИ ПРОЕКТИ ПОДДРЖУВАМЕ?



# КАКВИ ПРОЕКТИ ПОДДРЖУВАМЕ?

Предлог проектите треба да се фокусираат на воспоставување на центар за обука за зелени работни места (“Green Jobs Training Hub”), кој ќе ги оспособи поединците на возраст помеѓу 15 и 34 години, со основни вештини за зелени работни места и ќе обезбеди вредни кариерни насоки и менторство, со цел да ја олесни нивната интеграција на пазарот на труд.

Секој предлог треба да овозможи преглед на плановите за обука на минимум 200 поединци низ спектар од најмалку две различни зелени работни улоги во текот на времетраењето на проектот и успешно да го олесни отварањето на работни места за најмалку 25% од учесниците.





# КАКВИ ПРОЕКТИ ПОДДРЖУВАМЕ?

## ↘ ОБЈЕКТИ ЗА ОБУКА

Апликантите имаат флексибилна можност да го основаат Центарот за обука за зелени работни места (“Green Jobs Training Hub”) или во нивните постоечки и опремени простории или да користат различни начини на финансирање за создавање на физичка инфраструктура на Центарот за обука за зелени работни места (“Green Jobs Training Hub”) од почеток.

## ↘ ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА

Апликантите имаат флексибилна можност да развијат програми за обука прилагодени за различни типови на зелени работни места, а исто така имаат можност да ги подобрат или прошират постоечките програми.

## ↘ СТРАТЕГИЈА ЗА ОБУКА

Апликантите треба да развијат стратегија за привлекување потенцијални учесници преку различни активности како што се организирање работилници, вебинари и активности за ангажмани во заедницата, за да се прикаже вредноста на учеството во Центарот за обука за зелени работни места (“Green Jobs Training Hub”), развој на кампањи за социјални медиуми за зголемување на свеста за придобивките од зелените работни места итн.

## ↘ СТРАТЕГИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Од апликантите се очекува да финализираат стратегија за воспоставување мрежа на компании од приватниот сектор и да развијат систем за усогласување на квалификуваните поединци со релевантните можности за вработување.

# БУЏЕТ

Вкупниот буџет за овој проект е **60.000,00 УСД** во денарска противвредност.

Средствата се обезбедени во следниот соодноос:

- 40.000,00 УСД од ФИТР
- 20.000,00 УСД од страна на Активноста на УСАИД за млади кои активно создаваат можности.

Преку овој повик ќе се обезбеди финансирање до 90% од вкупниот буџет на проектот, до максимален износ од 60.000,00 УСД во денарска противвредност. Останатите 10% од вкупниот буџет на проектот треба да ги обезбеди апликантот.

Времетраењето на проектот треба да биде до 12 месеци.



GREEN JOBS TRAINING HUB

Кој може да аплицира?
Активности подобни за финансирање
Трошоци прифатливи за финансирање
Процес на евалуација и селекција
Критериуми за евалуација и и избор
Начин на аплицирање



# КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА?



Предлог-проектот може да се поднесе или од индивидуален апликант или од индивидуален апликант во партнерство и соработка со други правни лица.

Подобни апликанти се компании, професионални или деловни здруженија, невладини организации (НВО), даватели на обуки и партнери на горенаведените организации.

Сите Апликанти е потребно да бидат конституирани формално, признати и без примедби од соодветните органи на Северна Македонија, како и да бидат во согласност со сите важечки граѓански и фискални прописи.



# АКТИВНОСТИ ПОДОБНИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

- **Формирање на Центар за обука за зелени работни места** ("Green Jobs Training Hub")
- **Плати и трошоци за работна сила**
- **Експертиза и консултантски услуги**
- **Имплементација на обуката**
- **Канцелариска и деловна поддршка**

# ТРОШОЦИ ПРИФАТЛИВИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

**Формирање на** Центарот за обука за зелени работни места (“Green Jobs Training Hub”) – трошоци за изнајмување на објектот потребен за Тренинг центар, трошоци за прилагодување на просторот за да одговара на програмите за обука), трошоци за опрема и алатки потребни за предложените програми за обука.

**Експертиза и консултантски услуги** – такси за ангажирање експерти или консултанти за развој на програми за обука и наставни програми, надомест за обучувачите за спроведување на програми за обука, такси за консултанти кои го олеснуваат вработувањето или други активности поврзани со проектот.



**Плати и трошоци за работна сила** – бруто плати во согласност со Законот за работни односи за лица кои се или ќе бидат вработени кај корисникот или директно учествуваат во спроведувањето на проектот.

**Имплементација на обуката** – трошоци за теренски активности за привлекување специјализанти, патни трошоци за обучувачи или специјализанти, итн.

**Канцелариска и деловна поддршка** – изнајмување на канцелариски простор, режиски трошоци, банкарски такси, сметководствени услуги, хостинг и други видови оперативни трошоци поврзани со реализацијата на проектот), во максимален износ од 15% од вкупниот буџет на проектот.

# ПРОЦЕС НА ЕВАЛУАЦИЈА И СЕЛЕКЦИЈА

GREEN JOBS TRAINING HUB

- Административна потврда на доставените документи;
- Прва евалуација на предлог-проектот (претходна селекција);
- Избор на најдобрите предлог-проекти – по презентација на претходно избраните предлог проекти пред Комисијата за евалуација и избор

Секој предлог проект го оценува Комисијата за евалуација избор, кој се состои од најмалку 5 членови, вклучувајќи по еден претставник од:

- Фондот за иновации и технолошки развој;
- УСАИД за млади, активно создавање можности;
- Бизнис секторот (експерт од областа на зелените работни места);
- Академската заедница;
- Партнерски организации.



# КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА И ИЗБОР

- Квалитет на предлог-проектот – 40 поени
- Капацитет на проектниот тим – 20 поени
- Влијание (зајакнување на развојот на вештини кај младите, зголемување на нивната вработливост, овозможување пристап на младите до релевантни економски можности) – 20 поени
- Обезбедено дополнително финансирање – 10 поени
- Вмрежување, промоција и одржливост – 10 поени



GREEN JOBS TRAINING HUB

# НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ

- Формулар за апликација за проект;
- Буџет на проектот;
- Договори, писма за соработка и писма за интерес за давање финансиска/во натура/техничка поддршка од компании, донатори, деловни здруженија, други здруженија и фондации, образовни институции итн.;
- Во случај просториите за Центарот за обука за зелени работни места (“Green Jobs Training Hub”) да не се во сопственост на апликантот, апликантот мора да достави Договор или Писмо за интерес за дозвола за користење на просториите за барањата на проектот од другото правно лице;



GREEN JOBS TRAINING HUB

Рокот за поднесување на предлог проекти е до 19.01.2024 година до 14.00 ч.

Контактирајте нè на: greenjobshub@fitr.mk

Повеќе информации на: www.fitr.mk

# Ви благодариме

ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

iesc

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE